


# Изложба „Полукружење“ на МОМИ

Создадено на Петок, 17 Мај 2013 10:31
Датум на објавување
Посети: 138




Во организација на Центарот за културен проток „Артерија“, во Центарот за Култура „Григор Прличев“ во Охрид, утре во 20:30 часот ќе биде отворена изложбата „Полукружење“ на МОМИ од Скопје.

**- Прекинато кружење, прекинат тек, прекин на еден апсолут како начин на доаѓање до артистичко решение... Создавање на сопствена интимна визуелна претстава, која лебди меѓу нашите сопствени мисли и мислите на другите, но сепак успева да се конектира со различни дискурси... Колку животот се протега надвор од своите субјективни граници и раскажува приказна за ефектите од глобалната културна интеракција, која има силна**

**потреба од постојано реконструирање? Полукружење, кое го прекинува цикличното повторување на безпринципиелното игнорирање на суштинските проблеми на женските, воедно и поинаквите перспективи. Во потрага по нови визуелно концептуални референци и методи во просторот, каде секој создава, делува, руши, убива во својот, туѓиот и сечиј приватен/неприватен простор и приватна/неприватна мисла и идеја... Со сеприсутно користење на непопустливи креативни тактики, делата рефлектираат нова претстава, применуваат различни правила од животот, фокусирани на разбивање на веќе создадената догматична, јавна и интимна мисла... продукција која стои притаена зад сериозна работа, со употреба на секојдневните предмети кои се подложат на ново конципирање и реализација на разбивање на стереотипниот менталитет и признавање на поинаква интимност,** се вели во критичкиот осврт на изложбата.

Во ликовната група МОМИ членуваат: Марија Сотировска, Христина Зафировска, Татјана Ристовска, Ана Ивановска, Зорица Зафировска, Маја Кировска и Кристина Хаџиева. Групата ја сочинуваат главно помлади сликарки, од кои некои изложувале и во странство.

Изложбата ќе биде отворена до 28-ми мај 2013 година.

**Супер радио**

Like Share 0 Tweet 0 g+1 0 Share

< Пред Следно >



Copyright © 2015 Охрид Прес. All Rights Reserved.
www.ohridpress.com ; Development by 2S Studio

sitemeter